Авторот е во тек со севкупната литература за главните прашања; ретки се пропустите, и тоа за споредните прашања (на пр., статијата за прашањето на илирските кралства на P. Carlier, *L'Illyrie méridionale et l'Epire dans l'antiquité*, Clermont-Ferrand, 1987, стр. 39-46, статијата на J. Elis, *JHS* 91, 1971, стр. 15-24 за Аминта IV). Исклучително заплетканите и слабо датирани дејствија се прикажани многу јасно и прегледно, со што авторот направил исклучително успешна синтеза на сегашните научни сознанија – што им недостасуваше како на наставниците, така (но и особено) на студентите. Особено треба да се истакне корисноста на прилозите: по биографските податоци за Лисимах, неговото семејство (родители, сопруги, деца), на пријателите и соработниците, следуваат две поглавја – едното е за топографските и територијални проблеми, а другото за монетоковањето и финансиската политика на Лисимах – што отскокнуваат со тематиката и поприродно ќе беше да се вклучат на крајот од осмата глава. Последното, петто поглавје содржи превод на делови од најважните извори за Лисимах, што ја прави книгата уште покорисна за читателите.

*Наде Проева*
Филозофски факултет
Скопје

PIERRE CABANES et JEAN-LUC LAMBOLEY (eds.), *L'Illyrie méridionale et l'Épire dans l'antiquité*. Actes du IVe colloque international de Grenoble (10-12 octobre 2002), "De Boccard", Paris 2004, pp. 659.

Кон крајот на 2004 година, реномираната француска издавачка куќа De Boccard го објави четвртиот зборник на трудови на тема „Јужна Илирија и Епир во античко време". Станува збор за зборник во кој се собрани трудовите од четвртиот меѓународен симпозиум на истата тема, одржан од 10 до 12 октомври 2002 година во Гренобл, Франција. Приредувачи на изданието се проф. Пјер Кабан од универзитетот Париз X - Нантер и проф. Жан-Лик Ламболе од универзитетот Гренобл II.

Обемот на зборникот (659 страници во А4 формат), како и списокот од 56 трудови зад кои стојат имињата на 78 угледни научни работници од десетина земји се навистина импозантни; тие говорат многу за богатството на нови информации и за широката опфатност на поставените научни проблеми. За да биде задоволена формалната рамка на овој приказ, најпрвин ќе биде даден кус преглед на содржините обработени во зборникот; во продолжение, ќе се задржиме и на неговата структура и методологијата според која е составен, а ќе стане збор и за неколку одбрани трудови.

Зборникот е поделен на две големи целини. *Првата голема целина* од овој зборник на трудови го носи насловот *„Нови истражувања (1997-2002)"* (стр. 11-491). Оваа целина е поделена на четири поглавја: *„Праисторија и протоисторија"* (стр. 11-53), *„Грчки период"* (стр. 55-381), *„Римски период"* (стр.383-415) и *„Доцна антика"* (стр. 417-491).

Поглавјето *„Праисторија и протоисторија"* содржи пет статии. Во статијата на М. Коркути (11-17) се изложени најновите наоди

од средниот палеолит во Албанија; У. Пали и А. Пападеа, пак, ги објавуваат наодите од најновите палеолитски локалитети во Теспротија (17-23); П. Лера и Ж. Туше ги обработуваат наодите од бронзено време од басенот на Корча (23-39); а Г. Металину (45-53) истражува една населба од истиот период на островот Коркира; тема на излагањето на Л. Бејко (39-44), пак, е една могила од железно време во Каменица (Албанија).

Поглавјето со наслов *„Грчки период"* е поделено на шест помали оддели.

*Првиот,* посветен на *археологијата* (55-82), го сочинуваат три статии посветени на најновите археолошки наоди во долината на Гормос во Епир (Е. Андреу, 55-64), во Теспротија (Г. Ригинос, 65-74) и на островот Фарос (М. Катиќ, 75-82).

*Вториот оддел* (83-134) е посветен на *епиграфиката и лингвистиката*: П. Кабан истражува нови документи од Аполонија (83-88), а Е. Лот дава ново читање на една оловна плочка од Додона (113-134); К. Де Симоне дава општа слика за состојбата на истражувањата на илирскиот јазик (89-92), а К. Антонети и Е. Кавали пишуваат за културниот идентитет на јужна Ајтолија во архајскиот период, врз основа на забележаната етничка припадност на жителите во античките извори (93-112).

*Третиот оддел* (135-176) е посветен на *нумизматиката*: Ш. Ѓонгецај и О. Пикар го обработуваат монетоковањето на Аполонија во време на Римската Империја (135-149), а Д. Ујес – автономните монетоковања на Ризон (149-168); Ш. Ѓонгецај, во нејзината втора статија во овој оддел (169-176), ја анализира монетарната политика на градот Фојника.

Статиите во *четвртиот оддел* (177-239), се посветени на проблеми од *историската географија*: обработени се Молосија (М. Дос, 177-190), Теспротија (А. Христофилопулу, 191-196, И. Свана, 209-214), Македонија (Н. Проева и О. Бранковиќ, 197-202), Илирија (Н. Цека, 203-208), Јаподите (Б. Олујиќ, 215-222) и јонските острови (С. Тири, 227-240).

*Петтиот оддел* (241-321) е целосно посветен на градот Аполонија, и содржи статии во кои се разгледуваат најразлични проблеми од сите периоди на постоењето на градот. Така, група автори предводени од Е. Фуаш го разгледуваат менувањето на крајбрежната линија (241-260); К. Баландрие ги обработува утврдувањата на северната акропола (261-268); Б. Врекај пишува за градското осветлување (269-292); И. Појани објавува два нови релјефи (293-298); група автори на чело со М. Галати ги објавуваат наодите од новооткриена фарма од хеленистичко време (299-306); М. Аморе се задржува на една гробна могила до некрополата (307-310); А. Скендерај ги истражува техниките на градба во т.н. „вила на Атена" (311-316); а Л. Кочо објавува неколку нови наоди најдени во околината на градот (317-322).

Последниот, *шести оддел* во ова поглавје (323-381) е посветен на градот Фојника: С. Де Мариа дава општ приказ на новите ископувања (323-344), Е. Џорџи ја истражува топографијата и релјефот во околината на градот (345-362), Џ. Лепоре ја прикажува некрополата (363-372), а Д. Чонди – планот на градот и живеалиштата (373-381).

*Третото поглавје* во оваа целина, *„Римски период"* (383-415), содржи четири статии. Џ. Вилкс ја истражува употребата на грчкиот и латинскиот јазик на територијата на Дирахиј (383-390), а Е. Денио – општествените слоеви на римската колонија Бутрот. Две статии, пак, (Г. Ригинос и Ханиа, 399-406, и Е. Акривопулу и К. Лазари, 407-415), се занимаваат со локалитетите во близина на денешна Игуменица.

*Четвртото поглавје*, *„Доцна антика"* (417-491), е поделено на два оддела. Првиот оддел, посветен на Билис, содржи пет статии. Тема на првите четири се ранохристијанските цркви во Билис (С. Мучај, Ж. Содини, П. Шевалие и К. Вандерхејде); последната, пак (М. Хаџимаили), ги обработува пишаните извори за Билис, претежно од VI век ст.е. Во двете статии од вториот оддел се истражува проблематиката на западна Дарданија и културата Комани: Л. Пржита и Г. Хоџа пишуваат за доцноантичките тврдини во западна Дарданија (469-480), а тема на трудот на Е. Налбани (481-491) се трансформациите и континуитетот на западниот Балкан, видени преку културата Комани.

*Втората голема целина* во овој зборник на трудови го носи насловот *„Верскиот живот"* (493-621), а се состои од девет статии. М. Шашел Кос дава приказ на митолошките приказни во врска со Илирија и нејзиното име (493-504); М. Хасопулос и М. Мари, пак, ги истражуваат сличностите и разликите меѓу Додона и Епир (505-514). Тема на трудот на Х. Ѕувара-Сули е култот на Ѕевс во антички Епир (515-548), а во две статии (К. Гравани, 549-568 и Ј. Андреу, 569-582) се разгледува проблемот на светилиштата во Дурути. Ф Дрини дава општ приказ на античките божества и култови на територијата на денешна Албанија преку епиграфските споменици (583-588); В. Берети го истражува култот на Афродита во Амантија (589-594), а Ф. Кантен – култот на Артемида во Аполонија во хеленистичко и римско време (595-608). Најпосле, група автори на чело со А. Милер ги истражуваат вотивните теракоти од светилиштето на Афродита во Дирахиј (609-621).

На крајот е даден преглед на сите илустрации во текстот (кои ги има во навистина завиден број), апстрактите на сите статии, како и список на учесниците на симпозиумот со нивните адреси за контакт.

* * *

Со ова е заокружена формалната, но не и лесна задача – да се набројат сите содржини во овој навистина опсежен и богат зборник на трудови. Во продолжение, треба да се проговори и за неговата поставеност и структура.

Како што видовме, првата голема целина е сублимат на информации за поновите археолошки истражувања (1997-2002) на територијата на Илирија и Епир; претставени се, главно, работите на новооткриените локалитети, но оставено е место и за старите, веќе познати локалитети, на кои се обновени археолошките ископувања. Новите наоди се разгледуваат и прикажуваат од повеќе аспекти, а пристапот е интердисциплинарен – застапени се историската геогра-

фија, епиграфиката, нумизматиката, лингвистиката, архитектурата, дури и историјата на урбанизмот.

Приредувачите на зборникот имале јасна цел: „да се објават и споделат со истражувачите најновите откритија во полето на археологијата, нумизматиката и епиграфиката, од праисторијата, па сé до доцната антика". Идејата, пак, за ваквата поставеност на содржините се објаснува со фактот што отворањето на меѓународните патишта во Албанија создало предуслови за да се забрза темпото на археолошките ископувања – што довело и до многу нови откритија, кои час поскоро треба да бидат објавени и да се споредат со откритијата во соседството, т.е. во другите Балкански држави.

Нема аргументи со кои би се побил ваквиот став на уредниците, ниту пак може да се спори за оправданоста и полезноста на нивната идеја. Па сепак, нужно е да се каже дека токму сеопфатноста и широчината на претставениот материјал наместа може и да му попречи на читателот. Имено, во првата целина е претставен материјал со огромна временска рамка: почнувајќи од средниот палеолит (~200.000 BP), се до културата Комани (VI-IX век н.е.) – што нé принудува да се запрашаме дали, воопшто, материјал со ваква разнородност може да прави една целина. Тешко е да се поверува дека има истражувач кој би бил засегнат од сите трудови во оваа целина, та ни останува да претпоставиме дека единствената нишка што ја поврзува целината е тоа што станува збор за материјал од јужна Илирија и Епир во античко време. Значи, треба да се претпостави (и, веројатно, тоа го сториле и уредниците) дека секој ќе го одбере и искористи само она што го интересира.

Но, проблемите не завршуваат тука. Разнородниот материјал, се чини, многупати ги ставил во недоумица и уредниците: целината е поделена на поглавја и помали оддели, чија поставеност на некои места е тешко сфатлива. Одличен пример за ова е второто поглавје, „Грчки период", кое е поделено на шест оддели: „Археологија", „Епиграфика и лингвистика", „Нумизматика", „Историска географија", „Аполонија" и „Фојника". Методолошката невоедначеност на поделбата е повеќе од очигледна: првите четири оддели се одделени според дисциплината, а последните два според територијата, за што нема ниту оправдување, ниту пак сфатлива потреба. Може да се претпостави дека уредниците сакале да им дадат посебно место на Аполонија и Фојника како урбанизирани населби кои се доволно специфични за да се истражуваат одделно; но, трудови за овие населби има и во другите оддели, а во нивните оддели има трудови што припаѓаат на друго место. На пример, статијата на П. Кабан во одделот „Епиграфика и лингвистика", или онаа на Ш. Ѓонгецај и О. Пикар во одделот „Нумизматика" се однесуваат на Аполонија, а не се ставени во тој оддел; од друга страна, статијата на Е. Џорџи е ставена во одделот за Фојника, иако смисловно припаѓа во „Историска географија", зашто во неа се расправа за релјефот и топографијата и би се согласувала одлично со другите статии во тој оддел.

Сево ова го доведува во прашање споменатиот принцип според кој секој ќе го најде она што го интересира – зашто читателот, не по негова вина, може да бара на сосем погрешно место. Најдобар пример за ова е повторно статијата на Ш. Ѓонгецај и О. Пикар, која се

наоѓа во „Грчки период / Нумизматика", а во неа се истражува монетоковањето на Аполонија *во време на Римскоѿо Царсѿво*.

Најпосле, во зборникот нашле место и две статии, чие вклучување тешко може да се оправда со било кој принцип: имено, тие не соодветствуваат ниту со општата тема на симпозиумот. Статијата на Б. Олујиќ, во која авторот дава преглед на новите истражувања на територијата на Јаподите, се однесува на територијата на *северна Далмација*. Дури и ако се земе предвид дека авторот пишува за Illyrii vulgo dicti, та и да се прифати дека, во одредена смисла, во темата на неговиот труд може да се најде некаква допирна точка со (етничките) Илири, треба да си приспомнеме дека темата на симпозиумот и на зборникот е „*Јужна* Илирија и Епир во античко време". Статијата, пак, на К. Антонети и Е. Кавали се однесува на проблемот на ајтолската / ајолската културна припадност на некои населби во јужна Ајтолија од архајско време, и тешко е да се најде каква и да е допирна точка дури и со Епир, а да не зборуваме за Илирија.

По истакнувањето на сите овие недоследности, нужно е да се потцрта: *забелешкиѿе се однесуваат на начиноѿ на кој маѿеријалоѿ е йодреден и му е йреѿсѿавен на чиѿаѿелоѿ, а никако на квалиѿеѿоѿ на ѿрудовиѿе*. Кога ќе успее да го најде она што го интересира, читателот ќе наиде на трудови во кои, без исклучок, се обработува нов, досега непознат или необјавен материјал.

Останува уште да се види кои трудови од овој зборник најмногу ќе ѝ користат на нашата научна јавност. Секако, нашите научни работници ќе најдат интересна граѓа во сите статии во зборникот, зашто во нив се обработуваат територии соседни на нашата, на кои, во античко време, се случувале слични или исти процеси, многупати на сличен начин и со слична динамика (хеленизација, романизација, урбанизам, опстојување на локалните култови, локално монетоковање и сл.). Сепак, цениме дека треба да им се посвети особено внимание на статиите кои непосредно ја засегаат античка Македонија, или пак територијата на денешна Република Македонија; во таа смисла, за нас се особено интересни статиите „Дион и Додона" од М. Хасопулос и М. Мари, и „Проблемот на локализацијата на градот Ускана во горна Дасаретија", од Н. Проева и О. Бранковиќ.

Предмет на истражувањето на М. Хасопулос и М. Мари се сличностите и разликите во културната и институционалната поставеност на Додона и Дион како внационални" (sic!) светилишта, особено во однос на локалните, но сепак внационални" (sic!) празници - епирските *Naia* во Додона и македонските *Olympia* во Дион. Истражувањето резултира со неочекуван заклучок: освен географската и функционалната блискост (значи, освен што се наоѓаат на соседна територија и служат за исто нешто), двете светилишта имаат сосем малку заеднички одлики. Кај обете може да се констатира дека, наспроти брзиот развој во сферата на сакралното и наспроти подемот како религиски центри во околината и пошироко, не може да се зборува за напореден развој на урбана населба; во Дион, во подоцнежно време, тоа сепак ќе се случи, но не и во Додона, која и конституционално и урбанистички ќе остане само светилиште, но не и град. Различна е и состојбата на она што авторите го нарекуваат „développement monumental": монументалните градби, честопати градени од владетелот или државата, во Дион се јавуваат многу порано и се во

многу поголем број одошто во Додона. Причините за ова се очигледни: обете светилишта ќе станат религиски центри со значење на ниво на државата, центри на државниот култ преку „националниот“ *panegyris*, но во различно време и во различни околности: Дион веќе во време на Архелај (413-399 год. ст.е.), а Додона дури во времето на Пир (318-272 год. ст.е.), во време кога Дион не само што бил етаблиран како религиски центар, туку неговото значење ги надминало границите на географска Македонија. Од моментот на фиксирањето на улогата на двете светилишта на државно ниво, нивната улога станува слична, а разликите се чувствуваат сѐ помалку.

Статијата на Н. Проева и О. Бранковиќ за нас е значајна не само зашто (единствена од целиот зборник) се однесува на проблематика од историјата на античките Македонци и на територијата на денешна Република Македонија, туку и затоа што е единствена статија од македонски автори во зборникот, а Н. Проева е единствениот македонски научник кој објави трудови и во претходните два зборника од истава серија. Авторите на овој труд даваат исцрпен преглед на досега искажаните предлози за локализација на Ускана, а наместа дури и делови од искажаните мислења; имено, станува збор за проблем поставен за првпат уште во втората половина на XIX век, но сѐ уште недоволно расветлен поради слабата археолошка истраженост на Дебар, Кичево и Полог (горна Дасаретија), но и поради релативната скудност на епиграфските извори. Во таа смисла, ова е една од ретките статии во кои не се претставува нова археолошка граѓа, туку се третира точно одреден проблем и со интердисциплинарен пристап се дава издржано, та поради тоа и прифатливо решение.

Врз основа на податоците кај Тит Ливиј, кој пишува дека во 169 година ст.е. македонскиот крал Персеј тргнал со војската од Стибера, и стасал во Ускана за три дена, авторите детално ја анализираат топографијата на теренот и констатираат дека е невозможно Персеј да се движел по течението на Еригон (Црна) и оттаму да минал во околината на Демир Хисар, зашто оваа претпоставена маршрута зиме е непроодна; поскоро, треба да се претпостави дека Персеј одел по проодниот пат кој минувал близу Прилеп, а оттаму по течението на реката Треска. Затоа, тие ја бараат Ускана долж оваа маршрута, на која има мал број на локалитети кои би одговарале на податоците од античките извори. Еден од нив и, според авторите, најверојатно место на кое треба да се бара античкиот град Ускана, е агломерацијата Градиште-Венец близу село Миокази (Кичевско), на локалитет кој бил постојано населен од неолитот до средновековието. За жал, на ова место досега се вршени само сондажи на теренот; авторите со право препорачуваат да се започне со систематски ископувања, преку кои дефинитивно би можела да се докаже нивниот предлог за локализирања на Ускана.

Овој зборник е извонредна можност за запознавање со научните случувања во соседството и во Европа, нешто за кое кај нас се чувствува голема потреба, првенствено поради недостигот од средства, но и од редовна комуникација и соработка на балкански план. Но, уште поважно е тоа што во трудовите од овој зборник материјата – повторно без исклучок – се третира интердисциплинарно, на современ и свеж начин, а многупати старите проблеми се разгледуваат од нов аспект, со што се нудат нови, инвентивни решенија.

На крајот, треба да се истакнат зборовите на уредниците, според кои една од целите на овој симпозиум е „да им се дозволи на младите докторанти и пост-докторанти да ги објават своите први трудови, зашто цениме дека насобраното искуство на постарите, во содејство со новите приоди кон проблематиката на помладите истражувачи, ќе гарантира динамично и плодно истражување.“ Во ова, тие успеале во потполност: во зборникот како целина може да се почувствува навистина динамичен и инспиративен приод кон проблемите.

*Војислав Саракински*
Филозофски факултет

TOMA ARHIĐAKON: *Historia Salonitana: Povijest salonitanskih i splitskih prvosvećenika.* Predgovor, latinski tekst, kritički aparat i prijevod na hrvatski jezik Olga Perić; povijesni komentar Mirjana Matijević Sokol; Studija *Toma Arhiđakon i njegovo djelo* Radoslav Katičić. - Split: “Književni krug”, 2003. - XXII, 532 str. THOMAE ARCHIDIACONI *Historia Salonitanorum atque Spalatinorum pontificum.* Faksimilno izdanje izrađeno prema izvorniku iz Arhiva splitske prvostolnice (sign. KAS 623) iz druge polovice XIII. stoljeća; priredili Radoslav Katičić, Mirjana Matijević Sokol, Olga Perić. “Književni krug”. Split 2003.

Критичките изданија на книжевно-историското наследство од средновековниот латинитет во самата идеја за нивно вообличување носат никулец на ентелехиска детерминираност, така што секоја нивна физичка објава претставува момент за вистинска филолошка доксологија. Ваквата привилегија овој пат ни е овозможена преку мериторното исчитување на ракописот *Historia Salonitana* на Тома Архиѓакон во перото на познатиот класичен филолог, г-ѓа Олга Периќ, за чијашто долгогодишна етаблираност во научната филолошка мисла се излишни секакви зборови. Самото отелотворување на ваквиот капитален труд е направено библиопејски софистицирано од страна на издавачката куќа Književni krug од Сплит, во рамките на едицијата Biblioteka Knjiga Mediterana.

Во предговорот кон ова критичко издание (V-XXII), според методолошка нужност, г-ѓа Периќ изнесува куси, но извонредно полезни и прецизни белешки за ракописната традиција на *Historia Salonitana.* Како што самата наведува, од четиринаесетте денес достапни и, за ова издание прегледани и проучени, ракописи, во критичкиот апарат кон текстот се забележани исчитувањата на осумте најважни манускрипти, бидејќи останатите, кои се настанати со препишување на овие, не откриваат битни текстолошки информации. Во поглавјето од предговорот каде авторот, според веќе текстолошки и филолошки валидиран редослед, дава опис на ракописите, почетокот го посветува на сплитскиот ракопис од втората половина на XIII. век (sign. KAS 623), кој претставува, всушност, и основа за ова критичко издание. Користејќи ги претходните палеографски и текстолошки анализи, а воедно потпирајќи се и врз сопствени продлабочени филолошки испитувања, кои може јасно да се согледаат во изнесените детални податоци за состојбата и содржините на фолиите од овој кодекс, г-ѓа Периќ го потврдува хронолошкиот примат на сплитскиот манускрипт